РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП 1 бр. 14-2729

година

СКОПЈЕ 10 -11- 2016

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

| Примено | 05.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 – | 1782/2 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола

| Примено | 21. 11. 16 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 – 600/1 | | | |

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиеното, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-214/2 од 13.10.2016 година за акредитација на студиска програма Информатички науки и комуникациско инженерство од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се обрати со барање 08-1545/2 од 28.10.2016 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-2729 од 31.10.2016 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од втор циколус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола.

Министерот за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-2729 од 03.11.2016 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 04.11.2016 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-2729 од 07.11.2016 година, каде е наведено дека за студиската програма Информатички науки и комуникациско инженерство од втор циклус едногодишни студии на англиски јазик на Факултетот за информатички и комуникациски технологии при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

Доставено до:
-Примач
-Архива